**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

Врз основа на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2025 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/24) и Правилник за начинот, условите и постапката за доделување финансиски средства за надоместување на дел од трошоците на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за чистење на оџаци со број 08-10230/1 од 17.09.2024 година и број 08-3118/1, Градот Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци за 2025 година

### 1. Опис на Јавниот повик

1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства за надоместување на дел од трошоците на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на град Скопје со цел чистење на оџаци за 2025 година.

1.2. Финансиските средства за надоместување на дел од трошоците направени за чистење на оџаци се во нето износ најмногу до 1.500,00 денари по домаќинство. Данокот на личен доход е на товар на Град Скопје.

1.3 На Јавниот повик за надоместување на дел од трошоците на домаќинствата на граѓаните за чистење на оџаци може да учествуваат граѓани чие живеалиште е на подрачјето на град Скопје (општините во градот: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел, Сарај) кои ги исполнуваат условите од точка 2 на овој повик и ја доставиле потребната документација од точка 3, потточка 3.2 на повикот.

1.4 Јавниот повик ќе трае од денот на неговото објавување до исцрпување на предвидените средства или до завршување на јавниот повик не подоцна од 31.10.2025 година.

1.5 Пристигнатите барања во Архивата на Град Скопје ќе бидат евидентирани со точно време на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето и ќе важи правилото „прв дојден прв услужен“.

1.6 Јавниот повик е објавен на интернет страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**2. Услови за учество на Јавниот повик:**

Барателот за учество на Јавниот повик е потребно да ги исполни следниве услови:

- Да е жител на подрачјето на град Скопје (општините во градот: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел, Сарај);
- Адресата на реализираното чистење да се совпаѓа со адресата на живеење од личната карта која е на име на барателот;
- Чистењето на оџакот да е извршено од стручно лице вработено во фирма со шифра на дејност 81.22 согласно со Националната класификација на дејност регистрирана во Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Објектот каде што ќе биде чистен оџакот да не е во фаза на градба;
- Да поседува оригинална фискална сметка за извршено чистење на оџакот со датум од 01.01.2025 година до исцрпување на предвидените средства или до завршување на јавниот повик не подоцна од 31.10.2025 година; и
- Да поседува оригинална потврда издадена од оџачар за извршено чистење на оџакот со датум од 01.01.2025 година до исцрпување на предвидените средства или до завршување на јавниот повик не подоцна од 31.10.2025 година.

**3. Начин на пријавување на Јавниот повик**

3.1. Право на учество на овој Јавен повик имаат граѓаните со живеалиште на подрачјето на град Скопје (во општините: Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Чаир, Шуто Оризари, Центар, Ѓорче Петров, Бутел, Сарај), кои ќе го исчистат оџакот на своето живеалиште и ќе поднесат барање во Архивата на Град Скопје.

3.2. За надоместување на дел од трошоците за чистење на оџакот барателот е должен преку Архивата на Град Скопје во затворен плик со назнака: До Сектор за заштита на животната средина – Комисија за субвенционирање на домаќинства за чистење на оџаци за 2025 година да ја поднесе следната документација:

- Пополнето барање за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на град Скопје за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци за 2025 година (барањето ќе биде објавено на интернет страницата на Градот Скопје: www.skopje.gov.mk);
- Нотарски заверена изјава дека барателот е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за ова субвенционирање, чистењето е извршено на адреса од лична карта и објектот каде што ќе биде чистен оџакот не е во фаза на градба (пример на изјавата ќе биде објавен на интернет страницата на Градот Скопје: www.skopje.gov.mk).
- Копија од предната страна на трансакциската сметка (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице), а барателите кои немаат

постојани примања да бидат регистрирани во Управата за јавни приходи со отворање на свој профил за данок на личен доход;

- Оригинал фискална сметка за извршено чистење на оџакот;
- Оригинал потврда од оџачар за извршено чистење на оџакот.

3.3. Потврдата за извршено чистење на оџакот треба да биде издадена на име на барателот и истата да се совпаѓа со адресата на живеење согласно поднесеното барање.

3.4. Само едно лице од домаќинството во тековната година може само еднаш да аплицира за добивање на субвенција за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци.

.

**4. Начин на спроведување на јавниот повик**
За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за субвенционирање на домаќинствата за чистење на оџаци во 2025 година.

Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно според редот на пристигнати барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.

Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Градот Скопје ќе го објави завршувањето на Јавниот повик.

За барањата кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите согласно точка 2 од повикот, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на финансиски средства на барателите.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

Комисијата ги известува барателите чии барања се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите согласно точка 2 од повикот.